КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

## СЕПТЕМВРИ 2020




Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) www.mapas.mk тел. 02 3224 229

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

После рекордниот раст на индексите во текот на месец август, глобалните пазари на капитал во септември ја намалија својата вредност за 3,37% (мерени преку MSCI ACWI индексот). Најголем пад во текот на месецот имаа акциите на американските компании со пад од 3,92% (мерени преку S&P 500 индексот) и акциите во земјите во развој чија вредност се намали за 1,77% (мерени преку MSCI Emerging Market индексот).
Од почеток на годината, раст на вредноста имаат само американските акции чија вредност се зголеми за 4,09%, а најголем пад на вредноста имаат европските акции чија вредност се намали за 13,17% (мерени преку STOXX 600 индексот) .




MSCI Asia - Pacific - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 14 земји од регионот Азија-Пацифик
MSCI Emerging Market - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 26 земји во развој
STOXX 600 - Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 - Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI - Светски индекс на акции кои ги следи цените на акциите во 49 држави
Извор: Блумберг

КБ
ПРВО
ПЕНЗИСКО
ДРУШТВО
ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk



# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Во овој месец вредноста на МБИ 10 индексот се зголеми за 6,60%, со што вкупниот пад од почеток на годината се намали на 3,52%.
Во текот на месецот акции кои имаа значителен раст беа акциите на Стопанска Банка Битола со раст од 14,54%, Макпетрол со раст од 11,94% и Комерцијална Банка чија вредност се зголеми за 9,70%.
Од почеток на годината значителен пад на вредноста имаат Македонија Турист со пад од 28,95%, Макпетрол со пад од 10,14% и ТТК Банка со пад од 16,57%, а за истиот период вредноста најголем раст имаат акциите на Алкалоид кои ја зголемија вредноста за 5,04%.




Извор: Блумберг



КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО
ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Неизвесноста во економијата предизвикана од корона-вирусот, како и мерките кои беа превземени од централните банки доведе до голема волатилност на приносите и цените на државните обврзници.
Од почеток на годината значителна волатилност имаа македонските, руските, италијанските и американските државни обврзници. На крајот на месец септември највисок принос од анализираните обврзници имаа руската обврзница со принос од 2,43% и македонската обврзница со принос од 2,04%, додека германската и швајцарската обврзница имаа најниски приноси од -0,52% и -0,49% соодветно.

## Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници




* Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 01/18/2025
Извор: Блумберг



## ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во текот на месец септември најголем пад во однос на еврото имаа руската рубља (RUB) која ја намали вредноста во однос на еврото за дополнителни 2,65% и британската фунта (GBP) со пад од 1,58%, додека значителен раст имаа кинескиот јуан (CNY) со раст од 2,57%, јапонскиот јен (JPY) со раст од 2,27% и американскиот долар (USD) со раст од 1,84%.
Од почеток на годината најголем пад во однос на еврото имаат руската рубља (RUB) чија вредност се намали за 23,61% и британската фунта (GBP) со пад од 6,77%, а единствено швајцарски франк (CHF) ја зголеми вредноста за 0,53%.




Извор: Блумберг